Финансирано
од Европската Унија и
Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано
од Советот на Европа

ХИ II Поддршка за подобар пристап до поквалитетни услуги на бесплатна правна помош во Северна Македонија

# Предлози за нацрт-измени и дополнувања на ЗАКОНОТ ЗА КРИВИЧНА ПОСТАПКА ВО ВРСКА СО ОДРЕДБИТЕ ЗА ПРАВНА ПОМОШ ВО КРИВИЧНИТЕ ПОСТАПКИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА


Автори:

г-н Виктор Захариа
г-ѓа м-р. Бојана Неткова



Скопје, Септември 2021

*Дозволена е репродукција на извадоци (до 500 збора), освен за комерцијални цели сѐ додека интегритетот на текстот е сочуван, извадокот не се користи вон контекст, не се даваат нецелосни информации или генерално не се наведува читателот во погрешен правец во однос на природата, опсегот или содржината на текстот. Секогаш мора да се наведе изворниот текст на следниов начин, „© Советот на Европа, година на издавање“. Сите други барања во врска со репродукцијата/преводот на целиот или делови од документот, треба да се доставаат до Директоратот за комуникација, Совет на Европа (-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).*

*Целата друга кореспонденција во врска со оваа публикација треба да се упати на Одделот за програми за соработка.*

*© Совет на Европа, јуни 2022. Сите права се задржани. Правата на користење ги има Европската Унија под одредени услови.*

*Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Ставовите изразени овде во никој случај не може да се сметаат за одраз на официјалното мислење на која било од страните.*

# Table of Contents

АКРОНИМИ:........................................................................................................................ 4

ВОВЕДНИ ЗАБЕЛЕШКИ ..................................................................................................... 5

КРАТОК ПРЕГЛЕД НА МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАНДАРДИ И СТАНДАРДИТЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ВО ПРЕДМЕТНАТА ОБЛАСТ.................................................................... 6

Предлози за нацрт-измени и дополнувања на законот за кривична постапка ПРИСТАП ДО ПРАВНА ПОМОШ НА ОБВИНЕТОТ ........................................................................... 7

ПРЕДЛОЗИ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГ ЗКП 2019...... 8

ДОПОЛНИТЕЛНИ ПРЕПОРАКИ: ..................................................................................... 17

## АКРОНИМИ:

ЕКЧП - Европска конвенција за човекови права и основни слободи
ЕСЧП – Европски суд за човекови права
МП РГ - Министерство за правда на Северна Македонија (Работна група)
ЗКП - Закон за кривична постапка на Република Северна Македонија, 150/2010, 100/2012, 142/2016, 193/2016, 198/2018
ЗБПП - Закон за бесплатна правна помош на Република Северна Македонија, 2019, Службен весник бр. 101/2019
ЗПД - Закон за правда на деца на Република Северна Македонија, Службен весник бр. 148/2013, 152/2019
РСМ - Република Северна Македонија

# ВОВЕДНИ ЗАБЕЛЕШКИ

Советот на Европа во моментот спроведува проект за поддршка на подобар пристап до поквалитетни услуги за бесплатна правна помош (БПП) во Р. Северна Македонија, чија цел е поддршка на главните актери/чинители во подобрувањето на ефикасноста, квалитетот, обемот, пристапноста и свеста за обезбедување бесплатна правна помош во земјата и адресирање на идентификуваните недостатоци, поддржувајќи ефективна имплементација на новиот Закон за бесплатна правна помош, усвоен во мај 2019 година.

Проектот се фокусира на три главни правци на дејствување:
(1) Хармонизирање на одредбите, политиките и практиките поврзани со бесплатната правна помош;
(2) Целно градење на капацитетите на главните даватели на услуги (Министерството за правда, Адвокатската комора и граѓанските организации), вклучително и преку поддршката за структурирана и континуирана координација, и
(3) Подигнување на свеста кај населението за поддршка на поголем пристап до бесплатна правна помош.

Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје побара да се развие концизен документ што содржи предлози за драфт-измени и дополнувања на законот за кривична постапка (вклучувајќи опции за законски одредби и оправдување) во врска со одредбите за правна помош во кривичната постапка, во согласност со препораките од Извештајот за Проценка на потребите и препораки за обезбедување правна помош во кривичните постапки во Севера Македонија[1] и Извештајот за on-line координативни состаноци за справување со недостатоците во обезбедувањето правна помош во кривичната постапка во Северна Македонија.

Овој труд ќе формулира специфични предлози за нацрт-измените и дополнувањата, особено на членовите 57, 70-71, 74-75 и 103 од ЗКП.
Процесот на подготовка на овој документ се одвиваше согласно структурирана методологија, во три фази: а. анализа на документи, б. изготвување на трудот и в. валидација на предлозите за време на состанок со членовите на РГ на МП. Со оглед на сегашните ограничувања за патувања и состаноци поврзани со пандемијата КОВИД-19, работата се одвиваше од дома со on-line интеракции со релевантни соговорници, користејќи алтернативни опции за унапредување на планираните активности преку далечински и on-line пристапи.

Статијата е изготвена од Виктор Захарија  и Бојана Неткова со поддршка на проектниот тим на СЕ. Консултантите и проектниот тим на Советот на Европа тесно соработуваа, споделуваа информации, обезбедија релевантни информации и комуницираа преку е-пошта и видео конференции.

---

[1] Види: https://rm.coe.int/provision-of-legal-aid-in-criminal-proceedings-in-north-macedonia-mkd-/16809fcd83 and https://rm.coe.int/provision-of-legal-aid-in-criminal-proceedings-in-north-macedonia/16809fcd82

## КРАТОК ПРЕГЛЕД НА МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАНДАРДИ И СТАНДАРДИТЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ВО ПРЕДМЕТНАТА ОБЛАСТ

Согласно **Принципите и упатствате на Обединетите нации за пристап до правна помош во системите за кривична правда**[2], A/RES/67/187, и тоа Принцип 3 "Државите треба да обезбедат секој што е приведен, уапсен, осомничен или обвинет за кривично дело казниво со затворска казна или смртна казна, да има право на правна помош во сите фази на кривичната постапка. Исто така, треба да се обезбеди правна помош, без оглед на средствата на лицето, ако тоа го бараат интересите на правдата, на пример, со оглед на итноста или сложеноста на случајот или сериозноста на потенцијалната казна". Принципот 10 упатува дека "Треба да се преземат посебни мерки за да се обезбеди значителен пристап до правна помош за жени, деца и групи со посебни потреби, вклучително и стари лица, малцинства, лица со попреченост, лица со ментални болести, лица со ХИВ и други сериозни, заразни болести, корисници на дрога, сиромашни лица, лица без државјанство, баратели на азил, странски државјани, мигранти, бегалци и внатрешно раселени лица

Ваквите мерки треба да ги адресираат посебните потреби на тие групи, вклучително и родово-сензитивните мерки и мерки соодветни на возраста. Државите исто така треба да обезбедат правна помош за лицата што живеат во оддалечени и рурални, економски и социјално загрозени области, како и за лицата кои се членови на економски и социјално загрозени групи ".
Членот 6 ст.3 точка (в) од ЕКЧП предвидува дека „ Секој обвинет ги има следните минимални права: да се брани самиот или со помош на бранител по свој избор, а доколку не располага со средства да плати бранител, да добие бесплатен службен адвокат кога тоа го наложуваат интересите на правдата.„

Правото на пристап до адвокат во кривичната постапка се применува во текот на целата постапка, од полициско испрашување до сите повисоки апелациони фази. Пристапот до адвокат треба да се обезбеди уште од првото испрашување на осомничениот од полицијата, освен ако не се докаже под светлината на посебните околности на секој случај дека постојат оправдани причини за ограничување на ова право.
Правната помош не е загарантирано право на секој што е вклучен во кривична постапка и државите не се обврзани да даваат правна помош на никого, туку на лицата кои немаат средства да ангажираат адвокат и кога интересите на правдата налагаат во одреден вид на случај или постапка да се обезбедува правна помош[3]. Утврдувањето дали „интересите на правдата" бараат обезбедување правна помош, вклучува земање предвид на три фактори, имено: сериозноста на делото и тежината на потенцијалната казна;

---

[2] https://www.unodc.org/documents/justice-and-prison-reform/UN_principles_and_guidlines_on_access_to_legal_aid.pdf
[3] E.g. ECtHR, Pham Hoang v. France, 25 September 1992, § 39

комплексноста на случајот; личната состојба на обвинетиот[4]. Каде што е во прашање слободата на поединецот, интересите на правдата во принцип бараат правно застапување [5]. Оваа обврска произлегува дури и ако постои само можност за изрекување на притвор, сепак, тоа не значи дека јавните средства не треба да бидат достапни таму каде што не е во прашање лишувањето од слобода[6]. Националниот закон може да утврди повеликодушни стандарди.

Обезбедување на правна помош само по себе не значи дека ќе биде ефикасна. Очигледниот неуспех на адвокатот за правна помош да постави практична и ефективна одбрана може да го прекрши членот 6. Нема апсолутно право да се избере сопствен адвокат за правна помош назначен од судот[7].

## Предлози за нацрт-измени и дополнувања на законот за кривична постапка
## ПРИСТАП ДО ПРАВНА ПОМОШ НА ОБВИНЕТОТ

Уставот на РСМ гарантира дека „едно лице има право на полномошник во полициска и судска постапка". Одредбите на Уставот се детално уредени во ЗКП.

Секој обвинет има основно право да се брани лично или со помош на бранител по сопствен избор, и доколку лицето е сиромашно, да добие бранител бесплатно кога тоа го бараат интересите на правдата[8]. Секое лице кое е осомничено или обвинето за кривично дело има право на бранител за времетраењето на кривичната постапка против него или неа. Пред првичното испитување или какво било друго дејствие за кое таквата обврска е предвидена во ЗКП, обвинетиот треба да биде известен за своето право на бранител по негов или нејзин избор. Бранителот на обвинетиот исто така може да биде обезбеден од неговиот или нејзиниот законски застапник, брачен, т.е. вонбрачен сопруг, роднина по крв во права линија, посвоител, посвоеник, брат, сестра и хранител, освен ако обвинетиот не е експлицитно против тоа[9].

Во случај обвинетиот да нема адвокат по сопствен избор или обезбеден од роднините, тој / таа може да користи правна помош од назначен адвокат по службена должност. Критериумите за пристапност до правната помош во кривичната постапка се содржани во ЗКП. Постојат 3 категории ситуации (случаи и корисници) кога може да се обезбеди правна помош во кривична постапка: случаи на задолжителна одбрана, одбрана на

---

[4] E.g. ECtHR, Quaranta v. Switzerland, 24 May 1991, § 33

[5] E.g. ECtHR, Benham v. the United Kingdom, 10 June 1996, § 61

[6] E.g. ECtHR, Zdravko Stanev v. Bulgaria, 06 November 2012, § 38

[7] Please see: ECtHR, Guide on Article 6 of the European Convention on Human Rights, Right to a fair trial (criminal limb). Available in Macedonian at https://www.echr.coe.int/Documents/Guide_Art_6_criminal_MKD.pdf

[8] LCP, art. 70.

[9] LCP, art. 71.

ранлива категорија на лица(сиромашни лица) и случаи на застапување на интересите на жртвите на кривични дела[10].

Техничка рефлексија (подолу) во овој труд на предлозите за Нацрт-измени и дополнувања на ЗКП:

- Актуелниот текст на ЗКП, главниот текст;
- Предлози за вметнување (подвлечени со линија)

Проследени со аргументирано образложение и оправданост во *Italic*

# ПРЕДЛОЗИ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГ ЗКП 2019

## **Глава V** - ЖРТВА, ОШТЕТЕН И ПРИВАТЕН ТУЖИТЕЛ

**Предлог за нацрт-измени и дополнувања на „Оштетен и приватен тужител", чл. 57, Права на оштетената страна**

**Член 57**

**Права на оштетениот**

Во кривичната постапка оштетениот ги има следниве права:
1) да биде запознаен со своите права;

2) да се служи со својот јазик, вклучувајќи и знаковен јазик, да користи толкувач ако не го разбира или не го зборува јазикот на кој се води постапката;
3) да стави предлог за остварување на имотноправното барање;
4) да има полномошник;

<u>5) да бара назначување на полномошник на товар на Буџетот на Република Северна Македонија според членот 75 од овој закон</u>

6) да укажува на факти и да предлага докази во врска со имотно-правното барање;
7) да присуствува на доказното рочиште;
8) да присуствува на главната расправа и да учествува во доказната постапка, како и да се произнесе по имотноправното побарување;
9) по завршување на истражната постапка да ги разгледа списите и предметите што служат како доказ;
10) да поднесе жалба под условите предвидени со овој закон;
11) да поднесе предлог за гонење и приватна тужба согласно одредбите на Кривичниот законик;

[10] Legal aid for children in conflict with the law is governed by a different piece of legislation. LJC requires mandatory defense for children at risk and children in conflict with the law in procedures before four state organs, centers for social protection, police, public prosecution and courts. The costs for procedures before centers for social welfare and police are covered by the legal aid budget pursuant to LFLA, before public prosecutor by the budget of institution while before courts by the court budget (art. 90 par. 2 from the LJC).

12) да биде известен за непреземање или за секое откажување од кривично гонење од страна на јавниот обвинител;
13) да поднесе жалба до повисокиот јавен обвинител против одлуката на јавниот обвинител со која тој се откажува од кривично гонење, под условите предвидени со овој закон;
14) да побара враќање во поранешна состојба согласно одредбите од овој закон;
15) во постапка за спогодување меѓу јавниот обвинител и обвинетиот оштетениот да достави писмена изјава за видот и висината на имотноправното барање, и
16) да учествува во постапката за медијација на начин и под услови определени со овој закон.

(2) Јавниот обвинител и судот се должни пред и во текот на кривичната постапка во секој стадиум од постапката да испитаат дали постои можност обвинетиот да ја надомести штетата на оштетениот.

***Оправдување:***

*Потребата за додавање на нов став кој се однесува на можноста оштетениот и приватниот тужител да бараат назначување на адвокат произлегува од основниот пристап до правдата.*

*Имено во досегашниот закон оваа можност не постоеше, па така на онаа категорија на лица кои не беа во состојба финансиски да ги покриваат трошоците на кривичната постапка им беше ускратено правото на пристап до правдата.*[11]

**Предлог за нацрт-измени и дополнувања на член 70 од ЗКП, Права на обвинетиот**

Секој обвинет ги има следниве основни права:

- да биде навремено и детално информиран, на јазик што го разбира, за делата за кои се товари и за доказите против него,
- да има доволно време и можности за подготвување на својата одбрана, а особено да има увид во списите и да биде запознаен со доказите против него и во негова корист, како и да комуницира со бранител по сопствен избор,
- да биде суден во негово присуство и да се брани лично или со помош на бранител по сопствен избор <u>или назначен по службена должност согласно член 74 и 75 од овој закон;</u>
- да ја изнесе својата одбрана,
- да не биде присилен да даде исказ против себе или своите блиски или да признае вина,
- да има можност да се изјасни за фактите и доказите што го товарат и да ги изнесе сите факти и докази што му одат во прилог,
- самиот или преку бранител да ги испита сведоците против него, како и да му се обезбеди присуство и испитување на сведоците во негова корист под исти услови, како и сведоците против него и

[11] Сиромашен граѓанин кој не може да си дозволи да покрене кривична постапка против лице кое според КЗ (кривичен законик) сторило кривично дело против него, не е во можност да се бори за правда, имајќи предвид дека според ЗБПП бесплатна правна помош не се обезбедува во кривичните постапки, додека актуелниот ЗКП обезбедува бесплатна правна помош само на обвинетите.

- во текот на главната расправа да се советува со својот бранител, но не може да се договара како ќе одговори на поставено прашање.

***Оправдување:***
*Актуелната формулација на законскиот текст може да се интерпретира на рестриктивен начин. Обвинетиот има право да комуницира со бранител по негов или нејзин избор и во истото право ќе биде аплицирано и во случаите ако брантелот е поставен во согласност со членовите 74 и 75 од ЗКП.*

**Предлог за нацрт-измени и дополнувања на член 71 од ЗКП, Право на бранител**

(1) Секое лице осомничено или обвинето за кривично дело има право на бранител во текот на целата кривична постапка против него.

(2) Обвинетиот пред првото испитување или пред друго дејствие за кое таа обврска е предвидена со овој закон мора да се поучи дека има право на бранител по свој избор или право на бранител согласно член 74 и 75 од овој закон со кого може насамо да се советува и дека бранителот може да присуствува на неговото испитување.

(3) Бранител на обвинетиот можат да му обезбедат и неговиот законски застапник, брачниот, односно вонбрачниот другар, роднина по крв во права линија, посвоител, посвоеник, брат, сестра и хранител, освен ако обвинетиот на тоа изречно се противи. Со негова согласност бранител на обвинетиот можат да му обезбедат и друго лице, орган или организација.

(4) Бранител може да биде само адвокат.

(5) Бранителот е должен да поднесе полномошно до органот пред кој се води постапката. Обвинетиот може на бранителот да му даде и усно полномошно на записник пред органот пред кој се води постапката.

***Оправдување:***
*Обвинетите ќе бидат информирани за двете права и тоа за правото на бранител по негов или нејзин избор, како и за условите да користи правна помош согласно чл. 74 или чл. 75 од овој закон.*

**Предлози за нацрт-измени и дополнувања на чл. 74 од ЗКП, Задолжителна одбрана**

(1) Обвинетиот мора да има бранител:

- ако е нем, глув, слеп или неспособен самиот успешно да се брани или има други фундаментални нарушувања на говорот, слухот, видот или друго физичко оштетување или ментални недостатоци[12] при првото испитување,

- [13]ако тој или таа е приведен/а, пред неговото или нејзиното прво испрашување

- ако е предложена мерка притвор, од моментот кога обвинетиот е изведен пред Судот, како и за времето поминато во притвор;

- ако тој или таа со одлука на судот треба да се подложи на психијатриско испитување според членот 248 став. (3) од овој закон;

- [14]од првото испрашување ако кривичната постапка против него е за сторено кривично дело, за кое според закон е предвидена казна затвор од најмалку 10 години или доживотен затвор;[15]

- ако обвинетиот е гонет за кривично дело што се гони по службена должност, а обвинетиот издржува затворска казна за друго дело, од моментот кога органот што ја води постапката дознал за тоа; [16]

- кога обвинетиот е трајно отстранет од судницата според член 361 став (2) од овој закон; [17]

- во текот на постапката за преговарање и спогодување со јавниот обвинител;

- по поднесувањето на предлог за издавање на за изрекување на мерка на безбедност согласно член 522 од овој закон

- ако на обвинетиот му се суди во негово или нејзино отсуство, веднаш по донесената одлука за судење во отсуство.

- ако против него се води кривична постапка за кривично дело за кое во законот е пропишана казна доживотен затвор, при првото испитување,

- ако против него е поднесен предлог за определување мерка притвор, од моментот на негово изведување пред судот, како и за времето додека трае притворот,

- ако против него се води постапка за кривично дело кое се гони по служена должност, а се наоѓа на издржување казна затвор за друго кривично дело од моментот кога органот кој ја води постапката дознал за тоа,

[12] *Transferred below.*
[13] *Various categories of detention specified in different items, here and below.*
[14] *Transferred below.*
[15] *Severity of the penalty merged from 2 different existing items in the CPC into one.*
[16] *Proposal of the MoJ WG/ actual draft-amendments to the CPC.*
[17] *Proposal of the MoJ WG/ actual draft-amendments to the CPC.*

- кога е трајно отстранет од судница согласно член 361 став (2) од овој закон,

- по поднесениот обвинителен акт за кривично дело за кое со закон може да се изрече затвор над десет години или доживотен затвор во времето на доставувањето на обвинителниот акт.

- по поднесување на предлог за изрекување на мерка на безбедност согласно член 522 од овој закон; [18]

- ако му се суди во отсуство веднаш по донесеното решение за судење во отсуство.

(2) Ако обвинетиот во случаите на задолжителна одбрана од став (1) на овој член не земе бранител сам, судијата на претходната постапка во текот на претходната постапка или претседателот на судот по поднесување на обвинение, ќе му постави бранител по службена должност строго следејќи го редоследот од листата на адвокати по службена должност или следниот слободен адвокат од листата на адвокати по службена должност составена од Адвокатската комора или преку софтверот (дата база) обезбеден од Адвокатската комора за понатамошниот тек на постапката до правосилност на пресудата.

(3) На осудено лице на 10 години затвор или доживотен затвор ќе му се обезбеди бранител по службена должност во постапката за вонредни правни лекови. Бранителот на барање на осудениот ќе го назначи првостепениот суд кој ја донел пресудата.

***Оправдување:***

*Во актуената верзија на ЗКП, правната помош во кривичната постапка е ограничена по својот обем и текстот на ЗКП може да предизвика недоследност во пракса.*

*Ставот (1) од член 74 предвидува критериуми за задолжителна одбрана. Предложената формулација на став (1) од член 74 ЗКП:*
*Реорганизирање на редоследот на критериумите за задолжителна одбрана (прва точка - недостатоци, проследено со различни ситуации на притвор, сериозноста на евентуалната казна, потоа специфичните постапки).*
*Критериумите „притвор“ како широка категорија се формулирани подетално (по под-категории) во одделни ставки.*
*Како потсетување - правната помош не е загарантирано право на секој што е вклучен во кривичната постапка и државите не се обврзани да даваат правна помош на секого, туку на лицата кои немаат средства за ангажирање на адвокат и кога интересите на правда во конкретниот вид на случај или постапка бараат да се обезбеди правна помош.Утврдувањето дали „интересите на правдата“ бараат обезбедување правна помош вклучува земање предвид на три фактори, имено: сериозноста на делото и*

[18] *Proposal of the MoJ WG/ actual draft-amendments to the CPC.*

*тежината на потенцијалната казна; комплексноста на случајот; личната состојба на обвинетиот.*

> *Каде што е во прашање слободата на поединецот, интересите на правдата во принцип бараат правно застапување. Оваа обврска настанува дури и ако постои само можност за изрекување на притвор. Националниот закон може да утврди повеликодушни стандарди. Во исто време, според принципите и упатствата на Обединетите нации за пристап до правна помош во системите за кривична правда [19], Принципот 3 "Државите треба да обезбедат секој што е приведен, уапсен, осомничен или обвинет за кривично дело казниво со затворска казна или смртна казна, има право на правна помош во сите фази на кривичната постапка… Исто така, треба да се обезбеди правна помош, без оглед на средствата на лицето, ако тоа го бараат интересите на правдата, на пример, со оглед на итноста или сложеноста на случајот или сериозноста на потенцијалната казна". Соодветно, властите на Република Северна Македонија може да го земат предвид за член 74 критериумот „ако кривичната постапка спроведена против обвинетиот е за кривично дело, кое, според Законот, предвидува затворска казна" наместо критериумот „ако кривичната постапка спроведена против обвинетиот е за кривично дело, што, според законот, предвидува затворска казна од најмалку 10 години или доживотен затвор".*
>
> *Всушност, според ставот (1) на членот 74, обвинетиот може да има искорист од правна помош без да ја потврди својата финансиска состојба односно без да му се утврдува имотната состојба, додека таквиот тест не мора да биде изводлив или погоден за ситуацијата поради ситуацијата на обвинетиот. Во спротивно, ако кривичната постапка која се води против обвинетиот се однесува за кривично дело за кое според законот е предвидена казна затвор помала од 10 години, во тој случај обвинетиот може да користи правна помош согласно чл.75 (а не чл.74) од законот. За таа цел, државата ќе ги утврди правилата за проверка на имотната состојба, вклучувајќи го финансискиот праг и методите за проверка на подобноста на лицето. Поради тоа, треба да се нагласи дека реалната синтагма „неспособен да се одбрани успешно"не е доволно прецизна и може да доведе до потешкотии при нејзиното еднообразно толкување.*

*Во моментот, судовите користат различни практики за назначување адвокати по службена должност, т.е. нема унифициран систем во овој поглед; последователно, се смета дека модалитетот за назначување адвокати по службена должност е нејасен и нема транспарентност. Со ставот (2) на членот 74 се уредуваат субјектите и специфичната постапка за назначување адвокати по службена должност (вклучително и иновативно софтверско решение), засновано врз критериумите за задолжителна одбрана.*

[19] https://www.unodc.org/documents/justice-and-prison-reform/UN_principles_and_guidlines_on_access_to_legal_aid.pdf

*Ставот (3) на членот 74 предвидува право на лице осудено на 10 години затвор или на доживотен затвор на бранител по службена должност во постапката за вонредни правни лекови.*

**Предлози за нацрт-измени и дополнувања на чл. 75 од ЗКП, Одбрана на сиромашни лица**

(1) Кога не постојат услови за задолжителна одбрана, на обвинетиот може по негово барање да му се постави бранител кога тоа го бараат интересите на правдата, тежината на кривичното дело и сложеноста на случајот, ако тој или таа според својата имотна состојба не е во состојба да ги покрие трошоците за одбрана без да ја загрози својата имотна и финансиска состојба, своето издржување и издртжувањето на своето потесно семејство.

(2) Обвинетиот мора да поднесе образложено барање за назначување на бранител согласно ставот (1) на овој член. Кон барањето обвинетиот приложува докази за вкупниот личен или семеен приход за последните 6 месеци и доказ за сопственост на недвижен и подвижен имот.

Барањето се доставува до јавниот обвинител до поднесување на обвинението или до судот по поднесувањето на обвинението.

(3) Барањето за назначување на бранител согласно ставот (2) на овој член може да се поднесе во текот на целата кривична постапка. Доколку барањето од ставот (2) на овој член е поднесено во текот на претходната постапка, јавниот обвинител е должен барањето од ставот (2) на овој член да го достави без одлагање до судијата на претходна постапка. Судијата на претходна постапка во текот на претходната постапка или претседателот на судот по поднесување на обвинение со образложено решение утврдуваат по барањето од став (2) на овој член во рок од 3 дена.

(4) Финансиската и имотната состојба на обвинетиот и на неговото семејство се утврдуваат во согласност со условите пропишани со Законот за бесплатна правна помош.

(5) Во случај на прифаќање на барањето од ставот (3) на овој член, судијата на претходна постапка во текот на претходната постапка или претседателот на судот по поднесувањето на обвинението, ќе му постави бранител по службена должност во согласност со чл.74 став 2 од овој закон.

(6) Ако судијата на претходна постапка или претседателот на судот го одбијат барањето на осомничениот или обвинетиот за назначување на бранител според ставот (1) на овој член, обвинетиот може да поднесе жалба на решението во рок од 3 дена од моментот на приемот на одлуката до советот од членот 25 став (5) на овој закон или до советот на непосредно повисокиот суд.

(7) Трошоците и наградата за одбрана од овој член паѓаат на товар на Буџетот на Република Северна Македонија.

(8) Доколку барањето е правосилно одбиено, наградата и потребните трошоци за бранителот ги поднесува обвинетиот.

***<u>Оправдување:</u>***

*Сегашниот ЗКП го регулира пристапот до правна помош за сиромашните лица кога не се исполнети условите за задолжителна / задолжителна одбрана. Во став 1 се утврдени критериумите кога на обвинетиот може да му биде доделен бранител на товар на буџетот на РСМ.*
*Овие критериуми се однесуваат на имотната / финансиската состојба на обвинетиот кога според истата тој не може да ги сноси трошоците за одбраната, кога тоа го бараат интересите на правдата или особено тежината на делото и сложеноста на случајот. Во предлогот, обвинетиот може да го посочи претпочитаниот адвокат од списокот на бранители на соодветната правна заедница.*
*Постоечкото решение на начинот на кој е формулирано во став 1 дава можност овие три критериуми да не се применуваат истовремено, односно кумулативно, што претставува правна несигурност.*
*Критериумот за „имотна состојба“ не е јасно дефиниран во законодавството и е оставен да се толкува во секој случај поединечно од страна на судечкиот судијата. Модалитетот на утврдување на финансиската состојба на обвинетиот е предизвик. Нема прецизни правила за утврдување на прагот на подобност, ниту пак е наведено конкретно кои документи обвинетиот треба да ги достави, на кој начин и кому за да добие правна помош на сметка на буџетот на РНМ. Имајќи го ова предвид, обвинетиот треба да се води по претпоставка при обезбедување на потребните документи со кои треба да ја докаже имотната / финансиската состојба.*

*Што се однесува до критериумите за „сложеност на случајот“, некои практичари можат да го поврзат неговото значење со „неспособни да се бранат себе си успешно“*

***<u>Предложената формулација од ст. (1) чл. 75 од ЗКП:</u>***

*- Тесно ги регулира критериумите за пристап до правна помош на товар на Буџетот на РСМ*
*- Акцентот е ставен на кумулативноста на трите критериуми кои воедно е ставени во преден план. Финансиската состојба на обвинетиот е земена во предвид како што беше регулирано претходно со сегашниот ЗКП, сепак додаден е нов услов што спречува загрозување на основната финансиска состојба на обвинетиот и неговото блиско семејство.*

***<u>Ставовите 2 и 3</u>*** *се ново додадени ставови што ја регулираат постапката за поднесување на образложеното барање за назначување на бранител, наведувајќи кои докази мора да бидат приложени на барањето, до кој орган треба да се достави барањето во зависност од фазата во која се води постапката, кога барањето може или треба да се поднесе и кој одлучува за барањето. Исто така во рамките на ст.3 е регулиран и рокот за донесување на одлука во врска со поднесеното барање.*

*Со оглед да во законот за бесплатна правна помош се детално уредени поимите имотна и финансиска сотојба на загрозените категории на лица, логично е да се посочи на овој закон при одредување на прагот на подобност.*
***Ставовите 5 и 6*** *ја регулираат постапката на одлучување и назначување на адвокат на одбрана по службена должност во случај кога барањето е одобрено и постапката кога барањето е одбиено и можноста за жалба пред надлежниот орган во соодветниот рок за поднесување жалба и за донесување на одлука.*
***Ставовите 7 и 8*** *се однесуваат на трошоците на постапката. Сите трошоци на постапката ќе бидат на товар на буџетот на РНМ освен во услови кога барањето на обвинетиот ќе биде правосилно одбиено. Во тој случај трошоците на постапката ќе ги сноси обвинетиот.*

**Предлози за нацрт-измени и дополнувања на членот 103, Одлука за трошоците на кривичната постапка**

(1) Во секоја одлука со која се завршува кривичната постапка ќе се одлучи кој ќе ги поднесува трошоците на постапката, колку изнесуваат и рокот за нивното плаќање

(2) За трошоците кои се исплатуваат однапред, како и за трошоците на бранителот согласно член 161 став (1) од овој закон, органот што ја води кривичната постапка донесува решение со кое одлучува за висината на трошоците на постапката и рокот за нивното плаќање кој не смее да биде подолг од 15 дена.

<u>(3) За наградата на бранителот и полномошникот што се плаќа однапред, како и за наградата на бранителот според членот 161 став (1) од овој закон, полицијата, државниот обвинител или судот што ја води кривичната постапка донесува решение за наградата на бранителот и полномошникот според адвокатската тарифа на РНМ и за рокот за плаќање, кој не смее да биде подолг од 15 дена.</u>

(4) По исклучок, ако до завршување на главната расправа недостигаат податоци за висината на трошоците, посебно решение за висината за трошоците ќе донесе судијата поединец или претседателот на советот кога ќе се пријават тие податоци. Барањето со податоците за висината на трошоците може да се поднесе најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на правосилната одлука од лицето кое има право да поднесе такво барање.

(5) Кога за трошоците на кривичната постапка во текот на претходната постапка е одлучено со посебно решение, за жалбата против тоа решение одлучува непосредно повисокиот јавен обвинител.

(6) Кога за трошоците на кривичната постапка е одлучено со посебно решение, за жалбата против тоа решение одлучува советот од член 25 став (5) од овој закон.

***Објаснување:***

*На овој член е додаден нов став 3 кој се однесува исклучиво на наградата на адвокатите (адвокат на одбрана и полномошник) платена од буџетот на РНМ.*
*Имајќи предвид дека ставот 2 ги опфаќа само трошоците на постапката, давајќи му надлежност на органот што ја води постапката да ја утврди висината на истите, тоа не може да биде случај со надоместокот односно наградата на адвокатите. Постои подзаконски акт кој ја регулира наградата и трошоците на адвокатите, а имајќи предвид дека според Уставот на РСМ, адвокатската професија е независна и автономна служба, секоја друга формулација во законот што дава ваква надлежност на друго тело е неуставна. Затоа, од ова прашање произлегува потребата да се регулира оваа материја во јасен и прецизен став.*

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ПРЕПОРАКИ:

**1.Измени и дополнувања во Законот за судски буџет преку неопходна ревизија на регулативата за буџетскиот процес за да се осигури дека трошоците за правна помош во кривичната постапка се соодветно покриени со потребните ресурси (**не постои посебен буџет за БПП во кривичната постапка; сè е вклучено во генералниот буџет на судовите.)

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

*Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Ставовите изразени овде во никој случај не може да се сметаат за одраз на официјалното мислење на која било од страните.*